Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-297/3
21-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 297 од 18.05.2022 година, поднесена од [redacted] за сторено вознемирување против [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 21.06.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за сторено вознемирување со бр. 08-297 од 18.05.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 18.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на подносителката [redacted] против [redacted].

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 23.05.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителката достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе адресата на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Подносителката не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
21.06.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]